# ОПШТИНА РАДОВИШ

## СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

бр. 03 - 39/4
26.01.2023 год.

## ЗАПИСНИК

### од спроведениот практичен испит за инспектор

Согласно член 43 од Законот за инспекциски надзор (Сл.весник на РСМ бр. 102/19) и Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор (Сл.весник на РСМ бр.238/19) на ден 25.01.2023 год. со почеток во 10.30 часот во службена просторија на Инспекциски совет на Р.С. Македонија пред комисија за полагање на практичен испит за инспектор формирана од Градоначалникот на Општина Радовиш со арх. број 09-39/2 од 09.01.2023 год. **се спроведе** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор.

Комисијата е во состав:
- Томе Даневски – Помошник раководител на сектор за инспекциски надзор – претседател
- Елизабета Кирилиева Коцева – Раководител на одделение за градежна, комунална и инспекција за сообраќај и патишта – член и ментор
- Борче Долдуров – Раководител на одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината – член
- Ресул Шемо – член од Инспекциски Совет од област на градежништво, урбанизам, комунални работи и транспорт

Кандидат за полагање на практичен дел од испитот е Ефимија Гавритова, кандидат за овластен градежен инспектор.

Испитот се спроведе согласно член 8 од Правилникот за начинот за спроведување на испитот за стекнување со лиценца за инспектор каде кандидатот Ефимија Гавритова изврши симулиран инспекциски надзор со планирање и подготовка, спроведување на инспекцискиот надзор со изготвување на акти, затворање и документирање на инспекцискиот надзор.

По презентирањето на симулираниот инспекциски надзор од страна на кандидатот, комисијата ги утврди освоените бодови и тоа:
- планирање и подготовка за инспекциски надзор – 15 бодови
- спроведување на инспекциски надзор – 30 бодови
- затворање на инспекциски надзор – 25 бодови
- документирање на инспекцискиот надзор – 15 бодови.

ОПШТИНА РАДОВИШ

СЕКТОР ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Комисијата констатира дека кандидатот Ефимија Гавритова **го положи** практичниот дел од испитот за стекнување со лиценца за инспектор со освоени 85 бодови.

Практичниот испит за инспектор траеше од 10.30 часот до 13.30 часот.

Комисија за полагање на практичен испит за инспектор

1.Томе Даневски ____________

2.Елизабета Кирилиева Коцева ____________

3.Борче Долдуров ____________

4.Ресул Шемо ____________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „УПРАВЕН ОРГАН" ОПШТИНА РАДОВИШ